Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

**Предавачи:**

Проф. Д-р. Наташа ГАБЕР ДАМЈАНОВСКА, директор на Академијата за судии и јавни обвинители;
Билјана ЈАЧЕВА, судија на Основен суд Велес;
м-р Габриела ГАЈДОВА, судија на Основен суд Велес;
Љубица КОЛИЌ, судија на Основен Граѓански суд Скопје;
д-р Павлина ЈАНКУЛОВСКА, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола
м-р Костадин БОГДАНОВ, адвокат и
Проф. Др. Горан ИЛИЌ, професор на Универзитетот Св. Климент Охридски“ – Правен факултет Битола.

# Подзаконска рамка за приемниот испит

- **Правилник за полагање на приемен испит во Академијара за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (Службен весник на РСМ, бр. 77/2015, бр. 195/2015, бр, 115/2019,бр. 193/2020) - во натамошниот дел Правилникот;**

- **Програма за приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители 2020 година и Дополнета програма за приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители 2020 година.**

# Цел на подготвителната настава

**Член 9 од Правилникот**

Целта на наставата е со симулација на одделните делови од приемниот испит кандидатите успешно и навремено да се подготват за полагање на приемниот испит со што се обезбедува начелото на јавност и еднаков и објективен пристап.

# Програма за приемен испит

**Член 11 од Правилникот**

Програмата за приемен испит, согласно која се полага примениот испит, се објавува најмногу три месеци пред полагањето на приемниот испит, а ги опфаќа темите и библиографијата од кои се утврдуваат прашањата за одделите делови од приемниот испит и се обновува по потреба, согласно измените на домашното и меѓународното законодавство и практиката на домашните и меѓународните судови.

# Начин на спроведување на приемниот испит

Согласно член 64 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, приемниот испит се состои од:

- квалификациски тест,
- психолошки тест,
- тест за интегритет и
- испит.

# Тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ

Со измените во Законот за Академијата (Службен весник на РСМ бр 163/2018), тестот за полагање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ се полага во рамки на Академијата.

- (1) Тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) содржи 100 прашања кои се од областа на граматиката, разбирањето и вештината на изразување на странскиот јазик кој кандидатот го избрал да го полага.
- (2) Тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски и германски) се полага по писмен пат.
- (3) Секое прашање содржи три можни одговори од кои еден е точен.

- (4) Точниот одговор носи 1 бод.
- (5) Тестот е положен доколку се освојат најмалку 55 бода.
- (6) Против резултатите од тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) не е дозволен посебен приговор.

Подетално за програмата и темите за полагање на тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ можете да најдете во Програмата за приемен испит на следниов линк: https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2020/11/dopolneta-programa-za-priemen-ispit-_2020_.pdf

# Квалификациски тест

Квалификацискиот тест се полага писмено по електронски пат и има за цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати од областа на домашното материјално и процесно право, меѓународното право, правото на ЕУ и најзначајните пресуди на ЕСЧП да ги селектира кандидатите по квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за почетна обука.

- Тестот содржи 100 прашања и може да се освојат максимум 100 бода. Секое прашање содржи 5 понудени одговори, од кои: Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, два одговори кои се неточни, а се слични на точниот одговор, се бодуваат со 0 бодови, одговорот кој не е точен во мал обем, се бодува со -0,5 бод, додека одговорот кој не е точен во голем обем, се бодува со -1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од петте понудени одговори.
- Квалификацискиот тест се оценува со оценка од „1“ до „10“ а оценката се добива на начин што бројот на освоени бодови (максимум 100) се дели со 10.
- Се смета дека пријавеното лице кое добило оценка „4.00“ или пониска оценка на квалификацискиот тест, не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага психолошкиот тест, тестот за интегритет и испитот.

## Содржина на квалификацискиот тест

Квалификацискиот тест содржи сто прашања од кои:

- 20 од областа на кривичното право;
- 20 од областа на граѓанското право;
- 15 од областа на меѓународното право;
- 15 од областа на правото на ЕУ;
- 10 од областа на трговското право;
- 10 од областа на уставното право и
-10 од областа на управното право.

# Анонимност на квалификацискиот тест

**Член 12 од Правилникот**

(1) Квалификацискиот тест е анонимен и се полага по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер пред Комисијата.

(2) Анонимноста на квалификацискиот тест се обезбедува со компјутерско шифрирање.

# Психолошки тест

- Психолошкиот тест се спроведува врз основа на меѓународно признати психолошки тестови за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.
- Психолошкиот тест има цел, по пат на проверка на социјалните способности, да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.
- Против резултатите од психолошкиот тест не е дозволен посебен приговор !

# Тест за интегритет

Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

Тестот за интегритет се состои од:

Тест што се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања; и

Себепроцена (self assessment), чијашто цел е проверка на процената на кандидатот за конкретните состојби.

Против резултатите од тестот за интегритет не е дозволен посебен приговор!

# ИСПИТ

- Испитот се полага во рок од седум дена од објавувањето на конечните резултати од тестот за интегритет.
- Право да го полагаат испитот имаат кандидатите кои го положиле тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), квалификацискиот тест, психолошкиот тест и тестот за интегритет.

# Цел и содржина на испитот

Испитот има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- практичен дел што се полага писмено по електронски пат и се состои од испитна задача за решавање на 2 студии на случај (една од кривичен и една од граѓански судски предмет) и
- устен дел на испитот (кој се состои од четири прашања за кандидатот, од кои по едно прашање за секоја од двете студии на случај, едно правно прашање (вклучувајќи ја и судско обвинителската етика) и едно прашање од општа култура.

# Оценување на испитот

(1) Испитот се оценува со оценка од „1“ до „10“, при што 1 бод е еднаков на оценка 1, а 10 бода се еднакви на оценка 10.

(2) Писмениот дел од испитот се оценува со оценка од 0 до 8 бодови.

(3) Се смета дека кандидатот кој добил оценка „4“ или пониска оценка не го положил испитот.

(4) Секоја студија на случај се решава со нејзино проучување и одговарање на осум прашања, што произлегуваат од студијата, со понудени десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични со точниот, а неточни и четири се различни од точниот, а неточни.

(5) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,5 бод, одговорите што се слични со точниот одговор се бодуваат со 0 бодови, а различните се бодуваат со -1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од десетте понудени одговори.

(6) Неодговорено прашање се бодува со -1 бод

# Објавување на завршната оценка на приемниот испит

**Член 90 од Законот за Академија**

- (1) Завршната оценка на приемниот испит претставува збир на оценката од квалификацискиот тест и испитот.
- (2) Комисијата за приемен испит врз основа на завршната оцена, согласно член 87 став 1 од Законот, утврдува ранг-листа на слушатели на почетна обука и неа ја објавува на огласната табла и на веб-страницата на Академијата.

# Обезбедување на соодветна и правична застапеност на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ

## Член 9 од Законот за Академијата

При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Соодветната и правичната застапеност на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ подетално се уредува со измените на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник на РСМ бр.115/2019) и измените на Правилникот за полагање на приемен испит (Службен весник на РСМ бр.115/19).

# Чл.10-а од Правилникот

При селекцијата на кандидати за прием на почетна обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во РСМ.

Соодветната и правична застапеност застапеност се обезбедува со претходно утврдување на посебна квота за припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РСМ, сметано од вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители во јавниот оглас за прием во почетна обука, а кој број се определува од страна на Управниот одбор, за секој нов упис посебно.

Управниот одбор ја определува квотата од ст.2, земејќи ги претходно предвид официјалните статистички показатели.

Пополнувањето на  слободните места според квотата, при приемот на кандидатите во почетна обука ќе се раководи по приципот на постигнат успех на добиената завршна оценка од положениот приемен испит, кое ќе се рангира во рамки на секоја предвидена квота посебно.

Доколку во определените квоти не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите, или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од останатите кандидати кои ги исполнуваат условите  според рангирањето на нивната завршна оценка.

# Примери на прашања од квалификацискиот тест

## Прашање *

Кои се нужни наследници?

## Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | нужни наследници се деца на оставителот | -0.50 |
| 2. | нужни наследници се брачниот и вонбрачниот другар на оставителот | -1.00 |
| 3. | нужни наследници се децата на оставителот,неговите посвоеници | 0.00 |
| 4. | децата на оставителот и неговиот брачен другар | 0.00 |
| 5. | нужни наследници се децата на оставителот,неговите посвоеници и неговиот брачен другар. | 1.00 |

## ^ Прашање *

Кога може да започне штрајкот на солидарност без спроведување на постапка за помирување?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | не пред истекот на два дена од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира | 1.00 |
| 2. | не пред истекот на дванаесет часа од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира | 0.00 |
| 3. | не пред истекот на дваесет и четири сати од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира | 0.00 |
| 4. | не пред истекот на три дена од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира | -0.50 |
| 5. | не пред истекот на осум дена од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира | -1.00 |

## ^ Прашање *

Кој одговара за долговите на оставителот?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | сите законски наследници без оглед дали дале позитивна или негативна наследничка изјава | 0.00 |
| 2. | наследникот одговара за долговите на оставителот до висина на вредноста на наследениот имот | 1.00 |
| 3. | само брачниот и вонбрачниот другар на оставителот | 0.00 |
| 4. | неговите потомци и нивните потомци до колку живееле заедно со оставителот | -1.00 |
| 5. | децата на оставителот | -0.50 |

## ^ Прашање *

Кој го сторува кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 1 од КЗ

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Тој што друг ќе лиши од живот | 1.00 |
| 2. | Тој што свесен дека друг може да убие, лекомислено сметајќи дека до тоа нема да дојде, ќе го лиши од живот | -0.50 |
| 3. | Тој што со намера да лиши од живот друг, ќе му го загрози животот | -1.00 |
| 4. | Тој што друг ќе лиши од живот од благородни побуди | 0.00 |
| 5. | Тој што друг ќе лиши од живот на миг | 0.00 |

## ^ Прашање *

Кога правното лице може да одговара за сторено кривично дело ?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
| --- | --- | --- |
| 1. | Само ако тоа изрично е пропишана со закон за дело сторено од одговорно лице , во име , за сметка или во корист на правното лице | 1.00 |
| 2. | За дела сторени од страна на одговорно лице во име за сметка или во корист на правното лице | 0.00 |
| 3. | За дела пропишани со закон сторени од страна на одговорни лица | 0.00 |
| 4. | За дела изрично пропишани со закон сторени од вработен во правното лице | -0.50 |
| 5. | За сите кривични дела | -1.00 |

## ^ Прашање *

Кој го врши директното и дополнителното испитување ?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Страната која го предложила сведокот односно вештакот, техничкиот советник | 1.00 |
| 2. | Страната која го предложила сведокот | 0.00 |
| 3. | Страната која го предложила сведокот односно вештакот | 0.00 |
| 4. | Спротивната страна | -1.00 |
| 5. | Директното страната која го предложила сведокот односно вештакот, а дополнителното спротивната страна | -0.50 |

## ^ Прашање *

Што е управен акт.

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
| --- | --- | --- |
| 1. | Управен акт е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. | 1.00 |
| 2. | Актите на трговските друштва. | 0.00 |
| 3. | Актите на судовите со кои решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице. | 0.00 |
| 4. | Акт со кој органите решаваат за правата на граѓаните , како и за актите донесени во прекршочната постапка. | -0.50 |
| 5. | Акт со кој органите решаваат за обврските на граѓаните. | -1.00 |

**^ Прашање ***

Што содржи управниот акт што е издаден во писмена форма?

**^ Внесени одговори**

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | содржи: вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластеното службено лице и печат | 1.00 |
| 2. | содржи: вовед, диспозитив и образложение | 0.00 |
| 3. | содржи: вовед, диспозитив, образложение и правна поука | 0.00 |
| 4. | содржи: вовед и докази врз основа на кој е донесен актот | -0.50 |
| 5. | содржи: вовед, докази и имиња на сведоците | -1.00 |

## ^ Прашање *

Кога се поништува управниот договор?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | ако не се исполнети со закон пропишаните услови за негово склучување или во случаи во кои согласно со Законот за општата управна постапка за должително се поништува управен акт | 1.00 |
| 2. | ако не се исполнети со закон пропишаните услови за негово склучување | 0.00 |
| 3. | во случаи во кои согласно со Законот за општата управна постапка за должително се поништува управен акт | 0.00 |
| 4. | исклучиво по барање на странката и институцијата | -0.50 |
| 5. | исклучително по барање на јавниот обвинител | -1.00 |

## Прашање *

Кој е рокот за жалба до Големиот судски совет ,согласно членот 43 од ЕКЧП?

## Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | 2 месеци | 0.00 |
| 2. | 3 месеци | 1.00 |
| 3. | 4 месеци | 0.00 |
| 4. | Нема рок | -0.50 |
| 5. | Не е воопшто предвидена жалба | -1.00 |

## ^ Прашање *

Колку протоколи има Европската Конвенција за човекови права?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Ниеден | -0.50 |
| 2. | 14 | 0.00 |
| 3. | 23 | 0.00 |
| 4. | 14 кои се стапени во сила и уште два кои не се стапени во сила | 1.00 |
| 5. | еден,само договорот од Лисабон | -1.00 |

**^ Прашање ***

"Декларација" се користи како назив на меѓународен договор:

**^ Внесени одговори**

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | кој не конституира строги правни обврски, тку само морални обврски, а во кој се утврдуваат начелата на надворешната политика | 1.00 |
| 2. | повеќестрана спогодба постигната на меѓународен конгрес | 0.00 |
| 3. | се означува конститутивен акт на меѓународна организација | -0.50 |
| 4. | се регулира статусот на дипломстките претставници | -1.00 |
| 5. | повеќестрана спогодба постигната на меѓународна конференција | 0.00 |

## ^ Прашање *

Колкав е мандатот на претседателот на Европскиот парламент?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Претседателот на Европскиот парламент се избира за период од две и пол години со право на повторен избор за уште две и пол години | 1.00 |
| 2. | Претседателот на Европскиот парламент се избира за период од две и пол години | 0.00 |
| 3. | Претседателот на Европскиот парламент се избира за период од пет години | 0.00 |
| 4. | Претседателот на Европскиот парламент се избира за период од пет години без право на повторен избор | -0.50 |
| 5. | Претседателот на Европскиот парламент се избира за период од две и пол години без право на повторен избор | -1.00 |

## ^ Прашање *

Каков е составот на Судот на правда ?

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Судот на правда е составен од онолку членови колку што има земји членки на ЕУ,односно еден судија од секоја земја членка. | 1.00 |
| 2. | Судот на правда е составен од двајца судии од секоја земја членка. | 0.00 |
| 3. | Судот на правда е составен од по тројца судии од секоја земја членка | 0.00 |
| 4. | Судот на правдае составен од по еден судија само од одредени земји членки | -0.50 |
| 5. | Судот на правда е составен од по двајца судии само од одредени земји членки | -1.00 |

**^ Прашање ***

Во кој од Договорите за прв пат се употребува називот 'Европска унија'?

**^ Внесени одговори**

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Договорот од Амстердам | 0.00 |
| 2. | Договорот од Ница | 0.00 |
| 3. | Договорот од Мастрихт | 1.00 |
| 4. | Договорот од Лисабон | -1.00 |
| 5. | Договорот од Рим | -0.50 |

## ^ Прашање *

Под поимот ``статусни промени`` се подразбира:

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | план за реорганизација во стечајна постапка | 0.00 |
| 2. | промена на брачниот статус на претседателот на одборот на директори | -1.00 |
| 3. | разрешување на членовите на управниот одбор од страна на надзорниот одбор | 0.00 |
| 4. | оставка на сите членови на одборот на директори | -0.50 |
| 5. | присоединување, спојување или поделба на друштвата | 1.00 |

## ^ Прашање *

Кај ДОО, одлучувањето преку допишување е:

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | забранетo и претставува кривично дело | 0.00 |
| 2. | дозволено само кога гласаат управители кои не се содружници во друштвото | 0.00 |
| 3. | дозволено, и ваквото право им припаѓа на сите содружници | 1.00 |
| 4. | спротивно на Законот за трговски друштва | -0.50 |
| 5. | условено од претходна согласнот на Централниот регистар | -1.00 |

## ^ Прашање *

Органи на стечајна постапка се :

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | стечајните доверители и стечајниот должник | -1.00 |
| 2. | стечаен судија и стечен управник | 0.00 |
| 3. | стечаен совет и стечаен судија | 0.00 |
| 4. | стечаен судија , стечаен управник , одбор на доверители и собрание на доверители | 1.00 |
| 5. | доверителите на стечајната маса | -0.50 |

**^ Прашање ***

Во Република Северна Македонија, според Уставот од 1991 година, смртната казна:

**^ Внесени одговори**

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | може да се изрече во случај на сторени тешки кривични дела | -1.00 |
| 2. | не може да се изрече во ниту еден случај | 1.00 |
| 3. | може да се изрече само во случај кога е докажано дека е сторено убиство | -0.50 |
| 4. | може да се изрече доколку е тоа утврдено со ратификуван меѓународен договор за човековите права | 0.00 |
| 5. | може да се изрече доколку е тоа утврдено со ратификуван билатерален договор за човековите права | 0.00 |

## ^ Прашање *

Државниот правобранител на РСМ пред стапување на функција дава свечена изјава пред:

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | претседателот на Владата на РСМ | 1.00 |
| 2. | претседателот на Собранието на РСМ | 0.00 |
| 3. | Министерот за правда | 0.00 |
| 4. | Не дава свечена изјава | -1.00 |
| 5. | Советот на државни правобранители | -0.50 |

## ^ Прашање *

Колку членови именува претседателот на Републиката во Советот за безбедност

## ^ Внесени одговори

| Бр. | Одговор | Точен |
|---|---|---|
| 1. | Тројца | 1.00 |
| 2. | Двајца | 0.00 |
| 3. | Пет | 0.00 |
| 4. | Еден | -0.50 |
| 5. | Шест | -1.00 |

# Примери за студии на случаи

# КРИВИЧНА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

## ^ Студија на случај *

Осомничен за кривично дело „тешка кражба“ од чл. 236 ст. 1 т. 1 од КЗ заедно со сопругата неколку месеци повремено престојуваат во куќата на мајката на неговата сопруга. Осомничениот со сопругата тука доаѓаат одвреме-навреме и престојуваат по неколку дена, иако имаат свој стан. Тие исто така, повремено живеат и во куќата на родителите на осомничениот, заради што постои веројатност тоа да го прават со цел да ги сокријат евентуалните траги.

Судија на претходна постапка ја овласти правосудната полиција да изврши претрес на домовите каде што престојува осомничениот бидејќи постои веројатност дека ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети важни за кривичната постапка.

При претресот се пронајдени неколку предмети што потекнуваат од кривичното дело, а во домот на родителите на осомничениот уште неколку предмети за кои осомничениот тврдел дека не се негови. Сопствениците на домот биле категорични дека тие предмети прв пат ги гледаат

# Прашање број 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Како ќе се постапи со овие предмети? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет ќе се одземе | -1.00 | |
| 2 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет за кој не се знае чиј е, органот што ја води постапката ќе го опише тој предмет и описот ќе го објави на таблата на органот на општината на чие подрачје тој живее и на подрачјето на кое е сторено кривичното дело | 0.50 | ✓ |
| 3 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет ќе се предаде на чување во Министерство за правда | -1.00 | |
| 4 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет за кој не се знае чиј е ќе се даде на уништување | -1.00 | |
| 5 | Ако кај осомничен се најде предмет за кој не се знае чиј е, органот што ја води постапката ќе го објави на таблата на подрачјето на кое е сторено кривичното дело | 0.00 | |
| 6 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет ќе се предаде на чување во суд | -1.00 | |
| 7 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет за кој не се знае чиј е, органот што ја води постапката ќе го опише тој предмет | 0.00 | |
| 8 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет описот ќе се објави на таблата на органот на општината на чие подрачје тој живее | 0.00 | |
| 9 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет ќе се објави на таблата на органот на општината | 0.00 | |
| 10 | Ако кај осомничен се најде туѓ предмет истиот ќе се огласи на табла во МВР | 0.00 | |

# Прашање број 2

| 2 | Кои се правата на сопственикот на предметот? | 0.50 | 0.50 |
|---|---|---|---|

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Сопственикот на предметот нема право да бара враќање на предметот | -1.00 | |
| 2 | Сопственикот на предметот има право да бара враќање на парите добиени од продажба | 0.00 | |
| 3 | Сопственикот на предметот има право преку спор да бара враќање на предметот | 0.00 | |
| 4 | Сопственикот на предметот има право преку спор да бара враќање на предметот или на парите добиени од продажба на предметот, доколку не настапила застареност на правото | 0.50 | ✔ |
| 5 | Сопственикот на предметот има право преку спор да бара враќање на истиот предмет | 0.00 | |
| 6 | Сопственикот на предметот има право на оштета | 0.00 | |
| 7 | Сопственикот на предметот има право на оштета од лицето од кое е одземен предметот | -1.00 | |
| 8 | Сопственикот на предметот нема право да го бара предметот или парите добиени со продажба | -1.00 | |
| 9 | Сопственикот на предметот има право да бара враќање на предметот или на парите | 0.00 | |
| 10 | Сопственикот на предметот нема никакви права во врска со ваквите предмети | -1.00 | |

# Прашање број 3

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 3 | Како се постапува доколку не се јави сопственикот на овие предмети? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Предметот се предава на чување во суд | -1.00 | |
| 2 | Предметот се продава, а парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот Министерството за правда | 0.00 | |
| 3 | Предметот се продава | 0.00 | |
| 4 | Предметот се продава, а парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на јавното обвинителство | 0.00 | |
| 5 | Предметот се враќа на лицето од кое е одземен | -1.00 | |
| 6 | Предметот се продава, а парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на Република Македонија | 0.50 | ✔ |
| 7 | Предметот се депонира во сеф | -1.00 | |
| 8 | Предметот се предава на чување на јавниот обвинител | -1.00 | |
| 9 | Предметот се продава, а парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на општината | 0.00 | |
| 10 | Предметот се продава, а парите добиени од продажбата се внесуваат во Судскиот буџет | 0.00 | |

# Прашање број 4

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 4 | Што содржи огласот со кој се известува за пронајдениот предмет? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | При пронаоѓање на сомнителни предмети не е предвидена постапка во ЗКП | -1.00 | |
| 2 | Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави кај органот што ја води постапката во рок од една година од денот на објавувањето на огласот | 0.00 | |
| 3 | Во огласот ќе се повика сопственикот | 0.00 | |
| 4 | Нема огласување на предмети доколку нема поднесено обвинение | -1.00 | |
| 5 | Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави | 0.00 | |
| 6 | Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави зашто во спротивно предметот ќе се продаде | 0.00 | |
| 7 | Во огласот ќе се извести сопственикот дека предметот ќе се продаде | 0.00 | |
| 8 | Сомнителните предмети не се огласуваат | -1.00 | |
| 9 | Не се објавува оглас при пронаоѓање предмети | -1.00 | |
| 10 | Во огласот ќе се повика сопственикот да се јави кај органот што ја води постапката во рок од една година од денот на објавувањето на огласот, зашто во спротивно предметот ќе се продаде | 0.50 | ✔ |

# Прашање број 5

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Како се постапува со предмет подложен на расипување или ако чувањето на предметот е врзано со значителни трошоци? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Ако чувањето е врзано со значителни трошоци, тој ќе се продаде | 0.00 | |
| 2 | Се задолжува лицето кај кое се пронајдени предмети кои се подложни на расипување истото да ги продаде | -1.00 | |
| 3 | Ако предметот е подложен на расипување, тој ќе се продаде | 0.00 | |
| 4 | Ако предметот е подложен на расипување, ќе се продаде според одредбите што важат за извршната постапка | 0.00 | |
| 5 | Ако предметот е подложен на расипување, се враќа на лицето од кое е одземен | 0.00 | |
| 6 | Не се одземаат предмети подложни на расипување | -1.00 | |
| 7 | Ако предметот е подложен на расипување или неговото чување е врзано со значителни трошоци, тој ќе се продаде според одредбите што важат за извршната постапка, а парите ќе се чуваат како судски депозит | 0.50 | ✔ |
| 8 | Ако предметот е подложен на расипување, ќе се продаде според одредбите што важат за парничната постапка | 0.00 | |
| 9 | Не се одземаат предмети чие чување е сврзано со трошоци | -1.00 | |
| 10 | Не се одземаат предмети чие чување е врзано со значителни трошоци | -1.00 | |

# Прашање број 6

| 6 | Како ќе се постапи доколку воопшто не се јави сопственик на предметите? | [redacted] | 0.50 |
|---|---|---|---|

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Ако во рок од една година не се јави никој за предметот или за пари добиени од продажба на предмет, ќе се донесе решение со кое предметот станува државна сопственост, односно парите ќе се внесат во Буџетот на Република Македонија | 0.50 | ✓ |
| 2 | Ако во рок од една година не се јави никој, парите ќе се внесат во Буџетот на Република Македонија | 0.00 | |
| 3 | Ако не се јави никој за предметот, се остава во судот | -1.00 | |
| 4 | Ако во рок од една година не се јави никој, се запира постапка | -1.00 | |
| 5 | Ако во рок од една година не се јави никој за предметот, предметот станува државна сопственост | 0.00 | |
| 6 | Ако во рок од една година не се јави никој, предметот се предава на општината | 0.00 | |
| 7 | Ако не се јави никој за предметот, се остава во депозит | -1.00 | |
| 8 | Ако во рок од една година не се јави никој, ќе се донесе решение со кое предметот станува државна сопственост | 0.00 | |
| 9 | Ако во рок од една година не се јави никој, се прекинува постапката | 1.00 | |
| 10 | Ако во рок од една година не се јави никој, ќе се донесе решение со кое парите ќе се внесат во Буџетот на Република Македонија | 0.00 | |

# Прашање број 7

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 7 | Што се прави со парите добиени од продажбата на предметот? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Не е определено во законот што се прави со парите добиени од продажбата | -1.00 | |
| 2 | Парите добиени од продажбата се враќаат на лицето од кое е одземен предметот | -1.00 | |
| 3 | Парите добиени од продажбата се користат во постапката | -1.00 | |
| 4 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на општината | 0.00 | |
| 5 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на Министерството за правда | 0.00 | |
| 6 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на РСМ | 0.50 | ✓ |
| 7 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на Министерството за внатрешни работи | 0.00 | |
| 8 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на судот | 0.00 | |
| 9 | ЗКП не го регулира тоа | -1.00 | |
| 10 | Парите добиени од продажбата се внесуваат во Буџетот на јавното обвинителство | 0.00 | |

# Прашање број 8

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Како се постапува ако вредноста на предметот е поголема? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето може да се изврши и преку најмалку два дневни весници | 0.00 | |
| 2 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност, предметите не се продаваат, туку се чуваат | -1.00 | |
| 3 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето мора да се изврши и преку три дневни весници | 0.00 | |
| 4 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност, предметите се продаваат со јавно наддавање | -1.00 | |
| 5 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето мора да се изврши и преку дневните весници | 0.00 | |
| 6 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето треба да се изврши и преку еден дневен и еден неделен весник | 0.00 | |
| 7 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето може да се изврши и преку дневните весници | 0.50 | ✓ |
| 8 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност објавувањето може да се изврши и преку најмалку три дневни весници од кои еден на јазикот на припадниците на најголемата заедница | 0.00 | |
| 9 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност, предметите се продаваат преку нотар | -1.00 | |
| 10 | Ако се во прашање предмети од поголема вредност, предметите се продаваат преку извршител | -1.00 | |

# ГРАЃАНСКА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

| Бр. | Студија на случај | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 1 | Тужителите во тужбата и преку својот полномошник во текот на расправата тврдат дека тие се законски наследници на покојниот М.Р, поранешен од село Л., чијашто оставина се уште не била расправана. Тужителите го користеле, покрај останатиот, и спорниот имот на КП 5017 заведен во имотен лист. за КО Л.. Оваа парцела тужителите ја засадиле со грав, зелка, праз и други градинарски култури. Цели 20 години оваа парцела ја наводнувале од долот, кога тужените во текот на 2007 година го извадиле цревото за вода и не им дозволувале на тужителите да ја наводнуваат парцелата. Од страна на тужителите бил направен обид за вонсудско решавање на спорот и бил составен записник од Месната заедница село Л.бр.../21 од 8.7 2007 година, но тужените изричито не дозволувале парцелата да се наводнува и постојните црева да поминуваат од тука. Тужителите претрпеле штета во 2007 година поради ненаводнување на парцелата бидејки сите градинарски култури се исушиле. Со извршеното прецизирање со писмен поднесок од 17.9.2010 година полномошникот на тужителите бара да се утврди спрема тужените К.и Д.Ј., двајцата од село Л., дека тужителите по основ на одршка се стекнале со право на полска службеност за поставување на црево за вода преку послужното добро кп 4977, заведена во имотен лист...за КО Л., на име на тужените, во должина од 6,4 метри, во корист на привилигираното добро кп 5017, заведена во Имотен лист 127 на име на таткото на тужителите и да се задолжаат тужените да го признаат ова право и да го вратат цревото во правобитна положба и во иднина да се воздржуваат од попречување на ова право на тужителите, како и да се задолжат тужените да ја надоместат на тужителите причинетата штета во износ од 5.815,оо денари, со камата согласно на ЗВСЗК, сметано од поднесување на тужбата до 31.1.2010 година, а од 1.2.2010 година до конечна исплата законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРСМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени и да ги надоместат на тужителите трошоците во постапката. Во врска со тужбата спрема тужената М., истакна дека истата ја повлекува. За доказ предложи увид во смртовница, записник од 8.7.2007 год. на МЗ с. Л., Имотен лист бр....за КО с. Л., записник на Државен испекторат за земјоделство, Изјава на МЗ с.Л., копија од катастарскиот план, увид на лице место и вештачење, увид во Имотниот лист б.р...за КО Л. и сослушување на сведоците, Д.П, М.М, С.М, и Љ.Ј.<br><br>Во одговор на тужбата и тужбеното барање, полномошникот на тужените К.и М.го оспори тужбеното барање на тужителите од причини што тужителите не биле сопственици на имотот и истакна приговор на немање на активна легитимација, бидејќи не постои доказ за сопственост на тужителите, кои не можат да се јават како странки во овој спор пред да се реши правото на сопственост по основ на наследување од нивниот претходник како претходно прашање. Спорното црево тужителите го поставиле во 2007 година без претходно одобрение од Министерството и без претходно определена траса, низ имот на тужените и без согласност на тужените, кои за цело време се противеле, а дека не постоела согласност било видно и од записникот на Мировниот совет на Месна заедница с. Л.. Освен тоа, приговорија на преиначување на тужбата, во утврдување на службеност по основна одршка, бидејки ваквиот правен основ останал непоткрепен со докази и со диво поставување на црево, не можело да се стекне службеност по основ на одршка. За доказ предложи распит на странките и сослушување на сведоците Д. и Д.В и Д.А.<br>Полномошникот на тужените К.и М.не присуствуваше на завршната расправа, а уредно е поканет и изостанокот не го оправда.<br>Тужениот Д.Ј, спрема кого беше проширена тужбата, го оспори тужбеното барање на тужителите и тврди дека тужителите не се стекнале по основ на одршка со полска службеност за поставување на цревото за вода и дека не може да појасни колку време цревото било поставено, но тужителите го поставиле без одобрение на тужените и на сила, така што во никој случај не се стекнале со службеност по основ на одршка и дека цревото го извадила сопругата и мајка на тужените по име М..<br><br>Имајќи ги предвид погоренаведените факти одговорете на следните прашања: | 4.00 | 4.00 |

# Прашање број 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Кога се стекнува стварната службеност со одржувачка? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | кога сопственикот на послужната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 15 години | -1.00 | |
| 2 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 5 години, а сопственикот на послужната ствар не се противел на тоа. | 0.00 | |
| 3 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 20 години, а сопственикот на послужната ствар не се противел на тоа. | 0.50 | ✓ |
| 4 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 15 години, а сопственикот на послужната ствар не се противел на тоа. | 0.00 | |
| 5 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 10 години, а сопственикот на послужната ствар не се противел на тоа. | 0.00 | |
| 6 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 20 години, иако сопственикот на послужната ствар се противел на тоа. | 0.00 | |
| 7 | кога сопственикот на послужната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 10 години | -1.00 | |
| 8 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 9 | кога сопственикот на послужната ствар фактички ја остварил службеноста за време независно од времето | -1.00 | |
| 10 | кога сопственикот на привилегираната ствар фактички ја остварил службеноста за време од 20 години, а сопственикот на послужната ствар се противел на тоа. | 0.00 | |

# Прашање број 2

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 2 | Како се заснова стварната службеност? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | со правно дело (договор, тестамент), со одлука на државен орган и со одржувачка. | 0.50 | ✔ |
| 2 | само со правно дело ( договор , тестамент) | 0.00 | |
| 3 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 4 | само со одлука на суд | 0.00 | |
| 5 | само со одлука на локална самоуправа | -1.00 | |
| 6 | само со спогодба | -1.00 | |
| 7 | само со правно дело и одржувачка | 0.00 | |
| 8 | само со одлука на државен орган | 0.00 | |
| 9 | само со одлука на државата | -1.00 | |
| 10 | само со одлука на државен орган и одржувачка | 0.00 | |

# Прашање број 3

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
| --- | --- | --- | --- |
| 3 | До која фаза од постапката тужбата може да биде проширена на нов тужен со негова согласност? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
| --- | --- | --- | --- |
| 1 | до заклучување на парницата | 0.00 | |
| 2 | само до започнување на доказната постапка | -1.00 | |
| 3 | до заклучувањето на подготвителното рочиште. | 0.00 | |
| 4 | само до доставување тужба на одговор | -1.00 | |
| 5 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 6 | до заклучување на рочиштето за увид на лице место | 0.00 | |
| 7 | до заклучување на доказната постапка | 0.00 | |
| 8 | само до завршување на доказна постапка | -1.00 | |
| 9 | до заклучувањето на главната расправа | 0.50 | ✔ |
| 10 | до заклучување на постапката | 0.00 | |

# Прашање број 4

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 4 | Во врска со приговорот за преиначување на тужбата доколку тужителот го промени правниот основ согласно со одредбите од ЗПП што треба да има предвид судот? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | сите понудени | -1.00 | |
| 2 | дека тужбата е преиначена ако тужителот само го променил правниот основ на тужбеното барање, а не го намалил тужбеното барање и не променил, дополнил или исправил одделни наводи | 0.00 | |
| 3 | дека тужбата е преиначена ако тужителот само го намалил тужбеното барање или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи | 0.00 | |
| 4 | дека тужбата не може да се преиначува во текот на постапката | -1.00 | |
| 5 | дека тужбата не е преиначена ако тужителот го променил правниот основ на тужбеното барање, ако го намалил тужбеното барање или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи, така што поради тоа тужбеното барање не е променето. | 0.50 | ✔ |
| 6 | дека тужбата е преиначена ако тужителот само го променил правниот основ на тужбеното барање или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи | 0.00 | |
| 7 | ниту едно од понудените, | -1.00 | |
| 8 | дека тужбата е преиначена ако тужителот само променил, дополнил или исправил одделни наводи | 0.00 | |
| 9 | дека тужбата е преиначена ако тужителот го променил правниот основ на тужбеното барање, ако го намалил тужбеното барање или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи | 0.00 | |
| 10 | дека тужбеното барање не може да се преиначи во текот на постапката | -1.00 | |

# Прашање број 5

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 5 | Што е полска службеност согласно со Законот за сопственост и други стварни права? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | кога привилегираната ствар е од земјоделска природа | 0.50 | ✔ |
| 2 | кога привилегираната ствар не е од земјоделска природа | 0.00 | |
| 3 | кога и послужната и привилегираната ствар се од земјоделска природа | 0.00 | |
| 4 | кога послужната ствар е од комунално - техничка природа | -1.00 | |
| 5 | кога привилегираната ствар е станбена или деловна зграда | -1.00 | |
| 6 | кога послужната ствар не е од земјоделска природа | 0.00 | |
| 7 | кога привилегираната ствар е од комунално - техничка природа | -1.00 | |
| 8 | кога послужната ствар е станбена или деловна зграда | -1.00 | |
| 9 | кога послужната ствар е од земјоделска природа | 0.00 | |
| 10 | кога послужната ствар е земјоделско земјиште | 0.00 | |

# Прашање број 6

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 6 | Каков е односот на лицето на кое се проширува тужбата кон парницата? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | може да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.00 | |
| 2 | треба да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.00 | |
| 3 | мора да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.50 | ✔ |
| 4 | не може да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | -1.00 | |
| 5 | не мора да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | -1.00 | |
| 6 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 7 | би требало да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.00 | |
| 8 | не треба да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | -1.00 | |
| 9 | се надева дека ќе ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.00 | |
| 10 | очекува да ја прими парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа кога тоа стапува во неа | 0.00 | |

# Прашање број 7

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 7 | По однос отсуството на тужениот на расправата- уредно поканет, а не го оправдал изостанокот, како ќе постапи судот? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | ќе ја одржи расправата само ако даде согласност полномошникот тужителот | 0.00 | |
| 2 | ќе ја одржи расправата само ако даде согласност тужителот | 0.00 | |
| 3 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 4 | ќе ја одржи расправата само ако предложи тужителот | 0.00 | |
| 5 | ќе ја одржи расправата | 0.50 | ✔ |
| 6 | сите понудени | -1.00 | |
| 7 | ќе ја одложи расправата | -1.00 | |
| 8 | ќе ја одржи расправата само ако предложи полномошникот на тужителот | 0.00 | |
| 9 | ќе ја одложи расправата ако побара тужителот | -1.00 | |
| 10 | ќе ја одржи расправата само на барање на тужителот | 0.00 | |

# Прашање број 8

| Бр. | Прашање | Поени | Освоени поени |
|---|---|---|---|
| 8 | По однос на повлекувањето на тужбата спрема еден од тужените, до кога може тужителот да ја повлече тужбата без согласност на тужениот? | 0.50 | 0.50 |

| Бр. | Одговор | Поени за одговор | Одговор на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1 | до заклучување на расправата | -1.00 | |
| 2 | пред да се вклучи тужениот во постапката | 0.00 | |
| 3 | пред тужениот да поднесе одговор на тужба. | 0.00 | |
| 4 | пред да се впушти тужениот во расправање за главната работа | 0.50 | ✔ |
| 5 | до завршните зборови на странките | -1.00 | |
| 6 | пред тужениот да дознае за постапката | 0.00 | |
| 7 | пред тужениот да се јави на расправата | 0.00 | |
| 8 | ниту едно од понудените | -1.00 | |
| 9 | до донесување на пресуда | -1.00 | |
| 10 | пред тужениот да прими покана за расправа | 0.00 | |

# Корисни линкови

- https://jpacademy.gov.mk/
- https://jpacademy.gov.mk/initial-training/#
- https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2020/11/dopolneta-programa-za-priemen-ispit-_2020_.pdf
- http://www.prasanja.mk/QBank/PublishQuestions/
- http://elearning.jpacademy.gov.mk/login/index.php

- Доколку имате прашања во врска со подготвителната настава и приемниот испит можете да ги поставите на веб страницата на Академијата, во делот Често поставувани прашања: https://jpacademy.gov.mk/faq/

- Ви посакуваме успех во полагањето на приемниот испит.